Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 198/0306
20.04 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 април 2021 година, врз основа на примена жалба од Енвер Гаши, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Интернет - порталот „Sharri.info“ со текстот насловен „Ndërron jetë afaristi dhe humanisti i njohur nga Maqedonia e Veriut, Nexhat Shahini“ („Почина познатиот бизнисмен и хуманист од Северна Македонија, Неџат Шахини“), го прекрши Кодексот на новинарите во членот 12.

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28 март 2021 година, новинарот Енвер Гаши поднесе жалба за текстот со наслов „Ndërron jetë afaristi dhe humanisti i njohur nga Maqedonia e Veriut, Nexhat Shahini“ („Почина познатиот бизнисмен и хуманист од Северна Македонија, Неџат Шахини“), објавен на 27 март 2021 година, на интернет порталот „Sharri.info“ (www.sharri.info).

Во жалбата се нагласува дека порталот „Sharri.info“ презел содржина објавена на порталот „Shtegu.com“ без дозвола на авторот, односно дека станува збор за плагијаторство. Дополнително, жалителот забележува и дека порталот „Sharri.info“ на крајот од текстот го навел изворот од каде што ја презел содржината.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, се обиде, но не успеа да стапи во контакт со порталот „Sharri.info“, со оглед дека медиумот нема наведено контакт адреса на веб – страницата. Оттука, извршната канцеларија на Советот на етика  немаше можност да обезбеди став на порталот во однос на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 12**:**

*Член 12: „Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 април 2021 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата заклучија дека се работи за кршење на професионалните и етички стандарди, во случајов за без малку комплетно преземање на текст од еден во друг медиум, со „симболично“ наведување на изворот, од каде што е преземен.

Станува збор за пригоден текст објавен на порталот „Штегу“ посветен на смртта на истакнат бизнисмен и хуманитарец. Комисијата констатираше дека порталот „Sharri.info“ целосно ја презел содржината на „Штегу“, со исклучок на последната реченица од текстот, која е видоизменета, односно изземен е делот во кој се споменува еден од авторите на содржината. На самиот крај на текстот е наведен изворот, односно порталот „Штегу“ (Shtegu).

Комисијата се согласи дека само наведувањето на изворот на крајот на текстот, без да се посочи линк до оригиналната содржина и да се наведе авторот, не е доволно да се валоризира трудот на новинарот, особено што станува збор за текст со бројни податоци и информации, за што се потребни и труд и време.

Членовите на Комисијата оценија дека, со преземањето на текстот, порталот „Sharri.info“ очигледно сакал да изрази почит кон ликот и делото на починатиот бизнисмен и хуманитарец, но сепак тоа не може да биде оправдување целосно да не се испочитува изворот и авторството. Секоја содржина преземена од друг извор треба да биде соодветно означена, вклучително и да се посочи линк кон оригиналниот текст, во случаи кога се преземаат целосни или поголеми делови од содржините на другите медиуми.

Оттука, Комисијата најде дека интернет – порталот „Штегу.мк“ го прекршил **членот 12** од Кодексот на новинарите, според кој плагијаторството е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

Новинарите во онлајн медиумите нема да потпишуваат текстови, фотографии, илустрации, видео и звучни записи на други автори и медиуми како свои. Пред користењето вести или извадоци од текстови на други медиуми, тие ќе ги консултираат правилата за користење на медиумските содржини на медиумот кој ги продуцирал, доколку тој има усвоено и објавено такви правила.

Онлајн медиумите, доколку не поседуваат, ќе подготват сопствени правила во кои ќе ги наведат начинот и обемот на преземање и користење содржини од други медиуми и автори, како на пример: начинот на истакнување на изворот од каде се пренесува содржината, начинот на цитирање на извадоци од оригиналниот авторски текст, начинот на уредување на правата за целосно користење туѓи авторски текстови и др.

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно и експлицитно да го наведуваат изворот и авторот при преземање на содржини од друг медиум, како и да наведат линк во случај кога се објавува целосно преземена содржина

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет - порталот „Sharri.info“ (www.sharri.info), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595